Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 83, 84, 85, 86 и 87 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.59/2013), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2015 ГОДИНА

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во општина Кратово за 2015 година.

**Член 2**

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.07-1833/1
26.12.2014 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Георгиевски

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРАТОВО**

# ПРОГРАМА

## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2015 ГОДИНА

Декември 2014 година

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 83,84,85,86 и 87 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.59/2013), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 26.12.2014 година, донесе

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 07-1833/2
26-12-2014
КРАТОВО

# ПРОГРАМА
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2015 ГОДИНА

Согласно член 83 став 1 и член 84, 85, 86 и 87 од Законот за градежно земјиште сл. Весник бр. 59/2013 год. , со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во општина Кратово за 2015 г. се опфаќаат два дела, и тоа:
Општ и Посебен дел.

**1. Општиот дел од Програмата опфаќа:**

- Простор кој е предмет на уредувањето;
- Обемот и степенот на опремување на градежното замјиште со објекти на основната и секундарна инфраструктура
- Начин на пресметување на корисната површина за плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште;
- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
- Извори на средства за уредување на градежно земјиште;

**2. Посебниот дел од Програмата опфаќа:**

- Изградба на улици во градот и општината;
- Изградба на тротоари;
- Расчистување на диви депонии;
- Улично осветлување ;
- Санација, реконструкција на културно-историски споменици во градот и другите населени места во општината;
- Изградба на водоводи, реконструкција на стари водоводи, проширување на филтер станици во општината и изградба на нова филтер станица;
- Изградба и реконструкција на фекална канализација во градот и други населени места во општината;
- Изградба и одржување на локални патишта во општината;

- Доградба-уредување на новите градски гробишта, нивно одржување и проширување со нова локација;
- Изградба и уредување на игралишта за спортски активности во општината;
- Изработка на проекти-техничка документација за изградба на комунална инфраструктура; и
- Изградба на други комунални објекти за кои ќе се укаже потреба во текот на годината.

Оваа програма има за цел да ги предвиде и усогласи потребите на комуналното уредување на градежното земјиште во согласност со потребите на станбената и друга изградба и претставува дел од нејзината конкретна реализација.

При определување на просторот-подрачјата за уредување се тежи да се продолжи континуитетот на градба од претходните години, да се утврдат приоритетните активности за развој на градот и општината и да се обезбедат услови за изградба на видот на објектите.

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средства остварени од надоместоци за уредување на градежно земјиште, согласно Одлуката на Советот на општината донесена за таа цел, од средства од наплата на комунални такси, од Буџетот на Републиката (Републички институции), Буџетот на општината, донации од странство и НВО, како и од други извори на средства кои што можат да се обезбедат во текот на 2015 година.

Подготвувањето и опремувањето на земјиштето со комунална инфраструктура ќе се врши во рамките на расположивите средства и степенот на уреденоста, сообразно со техничките услови и можности. Притоа ќе се води сметка да се обезбеди нормално функционирање на изградените објекти, а целосно уредување на земјиштето ќе се врши постапно кога за тоа ќе се создадат материјални и технички услови.

Средствата што ќе се остваруваат со оваа Програма ќе се реализираат преку општина Кратово или Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово како овластено општинско Јавно претпријатие формирано за таа цел.

Покрај реализација на преземените и дефинираните задачи и обврски со оваа Програма, во неа ќе бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба за нивна ургентна реализација во текот на 2015 година, а за кои ќе се почитува мислењето на Градоначалникот на општината и одлуките на Советот кои што ќе наложат решавање на неопходни потреби од итен карактер.

## 1. ОПШТ ДЕЛ

### 1.1 ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО

Како градежно земјиште во смисла на оваа програма а во согласност со член 4 од Законот за градежно земјиште се смета изградено и неизградено градежно земјиште на подрачјето на град Кратово, а кое влегува во градежен реон предвидено за изградба според Генералниот и Деталниот урбанистички план на град Кратово и урбанистичката документација на селата на општина Кратово.

### 1.2 ОБЕМ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во 2015 година уредувањето и опремувањето на градежното земјиште со Програмата ќе бидат опфатени локации на подрачјето на општина Кратово, доградба на објекти и деловни објекти кои се изградени без техничка документација а се вклопуваат во Деталниот урбанистички план и за кои ќе се обезбеди регуларна техничка документација, како и објектите кои ќе бидат легализирани согласно Закон за легализација на бесправно изградени објекти.

Под обем на уредување и степен на опременост на градежно земјиште се подразбира:

- Изготвување и донесување на детален урбанистички план со основни решенија за инфраструктурата;
- Изготвување на детален сообраќаен план;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежните парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструкура;
- Оформување на геодетска документација;
- Решавање на имотно-правните работи;
- Рушење на објекти и пренесување на отпадни материјали од урнатините до означеното место за тоа (одредена депонија)
- Отстранување и пренесување на постојните комунални инсталации што сметаат при изградба на објектите;
- Санациони работи (рамнење на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на депонии од земја и други санациони работи) ;
- Уреди и инсталации за одведување на атмосверски води;
- Изградба на водоводна мрежа каде што има потреба за тоа;
- Изградба на фекална-канализациона мрежа каде што не е изградена;
- Изградба на улици и тротоари;
- Изградба на улични хидранти за противпожарна заштита;

- Уреди и инсталации за регулирање на сообраќајот во градот (обележување на улиците, обновување на сообраќајни знаци и сл.).

Инвеститорите со свои средства за своја сметка го изведуваат потребното уредување на земјиштето спрема урбанистичкиот план и неговите потреби, приодите кон објектите на улицата, како и приклучувањето на објектите од приклучните мрежи на секундарната мрежа според хидротехничките услови.

## 1.3. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ,, бр.93/11, 65/12. 75/12 и 98/12), се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што преставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

**1.За станбени објекти:**
-станбени простории, 1,0;
-станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
-лоѓија затворена од три страни, 0,4;
-подлогија затворена од две страни, 0,3;
-балкони, тераси, 0,2;
-заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
-помошни простории , остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
-трафостаница до 35 кв во објектот и надвор од објектот, 0,3;
-скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
-стражарница, управител, простории за одмор, 0,5; и
-паркиралишта и гаражи, 0,1;

**2.За деловни и јавни објекти**
-простории, 1,0;
-магацини, 0,5;
-помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
-трафостаница до 35 кв во објектот и надвор од објектот, 0,4;
-скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
-паркиралишта и гаражи, 0,1;
-лоѓија затворена од три страни, 0,5;

-подлогија затворена од две страни, 0,3;
-балкони, тераси, 0,4;
-отворен наткриен простор, 0,3;

**3.За други објекти**
-катни гаражи, 0,05;
-спортски покриени објекти, 0,5;
-спортски откриени објекти, 0,3;
-гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
-отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата, 1,0;
-базени, 0,2; и
-трафостаници над 35 кв, 1,0;

**4.За објекти од група на класи на намена Г – производство, систрибуција и сервис:**
-Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,05;
-Г3 сервиси, 0,05;
-Г4 стоваришта, 0,05;

**5.За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):**
-продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 ; и
-услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

**6.За објектите од група на класи на намени Б5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:**
-сите простории, 0,05;

**7.Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на :**
-инсталационите калали;
-окната на лифтови;
-окна на врати;
-отворени паркиралишта;
-подземни резервоари;
-објекти заштитени како културно наследство;

**8.**За објектите со висина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект.

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на

27% од вкупно пресметаната површина и за другите објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.
**9.**За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно заверениот основен проект и анекс на основен проект.
**10.** За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последна година, помножена со коефициентите опишани во точка 1.3, под точка 4.
**11.**Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотен лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од точка 1.3. под точка 11 површините на под покривен простор, логија, подлогија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечкие објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот кој е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

## 1.4. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Пресметување на трошоците за уредување на на градежното земјиште не зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште изнесува:

**1.**индивидуална станбена изградба ....................... 600,00 ден. за 1 м2;
**2.**колективна станбена изградба ....................... 600,00 ден. за 1 м2;
**3.**деловни, јавни и производни објект ................... 1.300,00 ден. за 1 м2;
**4.**пренамена од станбен во деловен простор ................ 700,00 ден. за 1 м2;
**5.**Висината на надоместок за населени места за кои е донесена урбанистичка планска документација, надоместокот за уредување на градежното земјиште независно од степенот на уреденост на градежното земјиште за изградба на деловни, производствени објекти, тешка и незагадувачка индустрија, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта изнесува ......................................................... 400,00 ден. за 1 м2;
**6.**Пресметувањето на површината за која се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште го врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и лер при Општина Кратово.

## 1.5 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Основни извори на средства за уредување на градежно земјиште во општината се:

- Учество на инвеститорите за изградба на индивидуални станбени згради, колективни станбени згради, дуќани, гаражи, помошни простории, доградби, надградби, реконструкција и друго (платени комуналии);
- Средства од Републички органи и институции;
- Средства од странски донатори и НВО ;
- Средства од Буџетот на општината
- Средства од други извори (кредити и др.).

# 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

## 2.1 ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ ВО ГРАДОТ И ОПШТИНАТА

Во текот на 2015 година ќе се продолжи со изградба на улици во градот и другите населени места во општината, завршување на започнатите улици од претходната година, реконструкција на улици од стариот дел на градот и изградба на улици во другите населени места во општината.

Во текот на годината се планира да се изградат следните улици во градот:

- Изградба на улицата од Ветеринарна станица до населбата „Цигански Лозја,,
- Изградба на улицата кај Бензинска пумпа м.в. „Под камен“;
- Поплочување на стариот регионален пат испод Здравствениот дом
- Изградба на крак од улица „Планинска,, -м.в. Лешки до Мусала;
- Изградба на населбата "Вир"- Млачки пат;
- Изградба на улици во населба "Мусала" (испод мусала);
- Изградба на дел од улица "Скопска";
- Изградба на улицата " Владо Гаџев ";
- Изградба на крак на улица 6-ти Септември до улица " 25-ти Април";
- Поправка и санација на улицата "Иван Андреев";
- Изградба на дел од улицата " Цетинска";
- Изградба на улицата "Кочо Рацин"со изградба на потпорен зид
- Изградба на улички во Царина „Нова населба“
- Поправка и санација на улицата „Јове Гичев,, во должина од 25 м ширина 1,5 м; до поштар
- Изградба на улицата од резервоар Мусала до м.в. „Лешки“
- Изградба на улица која ќе ги поврзува „Царина маала,, со „Зорле маала,,.
- Изградба на улица „Ѓорѓи Какашевски“ крак за млачки пат

- Уредување на паркинг просторот спроти хотел „Кратис"
- Уредување со покривање на Градскиот пазар;
- Определување и уредување на локација за сточен пазар;
- Уредување на просторот (сред село) во Месна заедница с. Железница;
- Реконструкција и уредување на стари улици во градот и во Месните заедници во општината.
- Уредување на паркинг просторкај Здравствениот дом Кратово

## 2.2 ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ

Во текот на 2015 година се планирааат да бидат изградени тротоарите во градот , и тоа:

- Тротоарот на улицата „Гоце Делчев„ од Ветеринарната станица со спојот со тротоарите на истата улица каде веќе се изградени;
- Изградба на тротоари по улиците „ Св. Ѓорѓи Кратовски„ од мостот на автобуската станица до мостот кај хотелот „Кратис" со Л=140+60 м
- Изградба на тротоари со бехатон плочи на улици во Зорле маало, Царина маала како и други маали каде има услови
- Пешачка патека од Карши бавча до м.в.„Аргулица" со Л=300 м

При изградбата на тротоарите ќе се даде приоритет на делницата од гаражите на „Силекс„ до мостот кај Шумско стопанство во должина од 350 метри. Се работи за тротоар кој е во состав на регионалниот пат Страцин-Кратово кој поминува низ градот, а кој пат се користи како најпрометна улица во градот. Сите улици во градот гравитираат на тој пат за да може непречено да се оди кон Здравствениот дом „Кратово„ а и децата од целиот град кои посетуваат настава во просториите на поранешната градинка. Со изградба на овој тротоар ќе се овозможи побезбедно движење на пешаците.

## 2.3 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Во текот на 2015 година ќе се продолжи со расчистување на диви депонии, како во градот, така и во населените места во општината, и тоа:

- Расчистување на речните корита на: Табачка, Манцева и Кратовска река, расчистување на диви депонии по „Кошарскиот дол„ и на депониите лоцирани во м.в. „Стара Мусала„ и м.в. „Аргулица„ и во други населени места во општината преку организирање на жителите од месните заедници;
- Уредување со оградување на депонијата во с. Железница;
- Пошумување на голини во општината каде ќе има потреба за тоа.

## 2.4 УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во текот на оваа година ќе се подобри уличното осветлување како во градот, така и во населените места во општината каде има поставено улично осветлување.

Во 2015 година континуирано ќе се продолжи со промена на улично осветлување во општината со примена на нови поекономични светилки со што би се заштедило во потрошувачката на електрична енергија.

Во 2015 година ќе се направат напори да се постави улично осветлување во одредени месни заедници во општината каде има услови, и тоа во центарот на селата и маала со збиени куќи каде што ќе се појави интерес за тоа.

Исто така во текот на годината се планира да се изврши осветлување на културно-историските споменици во градот како „Чаршиски мост", "Грофчански мост",и други културно историски спомен обележја.

## 2.5 САНАЦИЈА, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЛТУРНО - - ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ ВО ГРАДОТ И ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Во градот Кратово и другите населени места во текот на годината ќе се настојува да се обезбедат финансиски средства со што ќе се овозможи заштита на објектите и продолжување на нивниот век на траење, при што посебен приоритет ќе се даде на:

Во градот ( мостови, кули, цркви) :

- Обновување на фасадите и објектите во Ајдучка чаршија
- Јокширски мост
- Грофчански мост
- Чаршиски мост
- „Златкова кула„ и „Хаџи-Костова кула„
- Реконструкција на „Амам„ во Табачка маала;
- Поставување на часовник (саатен механизам) на „Саат кулата„ во градот;
- Радин мост ( замена на оградата со нова амбиентална ограда);
- Санација на Граматикова куќа

Санација, реконструкција на објекти во селата:

- Реконструкција на црквата "Св.Димитрија" во с.Страцин;
- Реконструкција на црква и манастир во с.Шопско Рударе;
- Реконструкција на црква во с. Шлегово;
- Реконструкција на манастир и црковна зграда во с. Коњух;
- Реконструкција на црква „Св. Харалампие„ во с. Сакулица;
- Реконструкција и санација и на други верски објекти во Месните заедници во општината
- Изградба на туристички информативен центар

## 2.6 ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРИ ВОДОВОДИ, ПРОШИРУВАЊЕ НА ФИЛТЕР СТАНИЦИ ВО ОПШТИНАТА И ИЗГРАДБА НА НОВА ФИЛТЕР СТАНИЦА

Во текот на годината се планира изградба и реконструкција на водоводи во градот и во населените места во општината и проширување и опремување на филтер станиците во општината, со што ќе се овозможи на населението во градот и населените места да се снабдуваат со чиста и здрава вода за пиење.

Планираните активности ќе бидат насочени кон:

- Изградба на водовод од с. Шопско Рударе до с. Коњух;
- Изградба на водовод од с. Сакулица до с. Татомир;
- Изградба на секундарна мрежа во градот и приклучување на веќе изградените и инсталирани водоводни цевки;
- Реконструкција на „Гоцева чешма„ во м.в. „Кисела вода„
- Реконструкција-изградба на водоводи по маалите во Месните заедници по нивно барање, давање помош во материјал за поправка на природни извори, кладенци, бунари и слично;
- Изградба на нов и современ таложник на захватот „Злетовска река„ ;
- Изградба на резервоар на „Цри Врв„;
- Изградба на резервоар во Кратово за висока зона и санација на постојниот резервоар во средна зона;
- Изградба на резервоар во с. Приковци кај филтер станицата;
- Изградба на резервоар во месна заедница во с. Тополовиќ;
- Реконструкција на водовод во с. Туралево и с. Тополовиќ
- Санација на резервоар во Месна заедница во с. Трновац (покривање на резервоарот);
- Изградба на хидранти во градот Кратово каде има услови за тоа;
- Проширување и доопремување на филтер станиците во општината;
- Изградба на нова филтер станица во с. Близанци м.в. „Печеници„

Во колку се укажат и други проблеми во врска со водоснабдувањето во општината ќе се настојува истите благовремено да се решаваат.

## 2.7 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ГРАДОТ И ДРУГИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Во текот на годината се планира да се изградат нови фекални канализации и да се направи реконструкција на стари дотраени фекални канализации, како во градот, така и во населените места во општината. Во оваа насока планирањата се насочени кон:

- Изградба на современа пречистителната станица за отпадните води од градот;
- Уредување на речните корита во Табачка, Манцева и Кратовска со поставување на канализациона мрежа за приклучување во главниот колектор;
- Спроведување на канализациона мрежа во „ Кошарски дол„;
- Спроведување на канализациона мрежа во населени места во општината кои не се приклучени на градската канализациона мрежа
- Доизградба на дел од фекална канализација со пречистителна станица во с. Шлегово;
- Изградба на пречистителна станица во с. Живалево;
- Изградба на пречистителна станица во с. Приковци;
- Изградба на пречистителна станица во с. Туралево
- Изградба на фекални канализации и во други населени места во општината каде што ќе има потреба и услови за тоа; Бојациско, пред стадион
- Изградба на атмосверска канализација по улицата „Гоце Делчев„
- Изградба на атмосверска канализација по улицата „Атанас Бабата„
- Изградба на атмосверска канализација на ул. „Ѓорѓи Какашевски" – Млачки пат

## 2.8 ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРАТОВО

Со изградба на локални патишта ќе се продолжи и во текот на 2015 година при што активностите ќе бидат насочени кон изградба на следните патни правци:

- Изградба-завршување на локалниот пат Каврак-Кнежево ; Изградба-завршување на патниот правец с.Кетеново-с.Куклица;
- Изградба на патот с. Коњух - с. Димонце - с. Пендаќ -с. Руѓинце (Руѓинска кривина);
- Довршување и надградба на патниот правец с.Сакулица-с.Шопско Рудари;
- Изградба на патот Кратово-с.Горно Кратово-Нежилово;
- Изградба на патот во с. Талашманци;
- Изградба на патот од с. Татомир - с. Кокошиње;
- Санација на патот до с.Крилатица м.в. „Куковска маала";
- Изградба на патот од с. Близанци до с. Добрево;
- Изградба на патот од с. Луково-Злетовска река, спој со патот за браната Кнежево;
- Изградба на пат с.Мушково-с.Којково
- Изградба на пат Брана Кнежево-с. Емирица
- Изградба на патот од с. Железница-с. Талашманци-с. Крилатица;
- Изградба на патот од м.в. „Вучки Ан„ до с. Нежилово;

- Изградба на пат од Црн врв преку Горна Сакулица со спојот на патот кај училиштето;
- Изградба на пат с.Сакулица - до м.в. Три кладенци (тромеѓе на с. Сакулица , с. Стубол и с.Барбарево)
- Изградба на пат во с. Сакулица до Маало Јашковци ;
- Изградба на пристапен пат до м.в. „Цоцев Камен„;
- Изградба на пат од центарот на с. Шопско Рудари до месноста „Петти кладенци„;
- Изградба, пробивање на маалски патишта во Месните заедници;
- Обезбедување на еластична ограда за локалните патишта (браници), и улици во Кратово;
- Изградба на патен правец од м.в. „Вршник" до м.в. „Слануша" с.Шлегово
- Изградба и пробивање и на други патни правци каде ќе има потреба и услови за тоа.
- Изградба на пат од технички преглед до с. Близанци м.в. Печеници
- Изградба на пат од чешма во с. Железница допостоечки асфалтиран пат за с.Железница (Школо)

## 2.9. ДОГРАДБА-УРЕДУВАЊЕ НА НОВИТЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА И НИВНО ОДРЖУВАЊЕ

Во текот на годината ќе се продолжи со уредување на новите градски гробишта, изградба на нови парцели, гробни места.

Во текот на годината ќе се врши редовно одржување на новите градски гробишта со чистење на трева, жбунови, собирање на отпаден материјал, најлони, пластични шишиња, тањири, дотраени венци и други отпадни материјали.

Се предвидува и да се откупи земјиштето за проширување на просторот за нови гробни парцели.

Исто така во текот на годината ќе се настојува да се изгради нова трпезарија (надградба на постојната зграда), .

Поради дотраеноста на дрвениот мост се предвидува и да се отпочне со поставување на нов армирано бетонски мост за поврзување на гробните парцели.

## 2.10. ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ИГРАЛИШТА ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНАТА

Во текот на годината ќе се направат напори да се изградат повеќе спортски терени (игралишта) за мали спортови, за рекреација на младите луѓе во општината.

За таа цел се планираат да се изградат:

- Изградба на комбинирано игралишта за мал фудбал, ракомет, кошарка, и други активности на теренот над базенот во Кратово;

- Доуредување со изградба на пратечка инфраструктура на фудбалско игралиште „Мусала„ ;
- Изградба на спортска сала за учениците од основно образование во Кратово;
- Реконструкција на салата „Партизан„
- Изградба на спортско игралиште во с. Кетеново

## 2.11. ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДЕН СИСТЕМ ВО КРАТОВО

Во колку се укажат услови во текот на годината ќе се отпочне со реализација на проектот за изградба на гасоводот во Кратово. Со гасоводниот систем во градот ќе бидат опфатени комерцијални и некомерцијални потрошувачи (индивидуални потрошувачи од 1000 до 1300 домаќинства).

Изградбата на гасоводниот систем ќе опфати изградба на гасоводни кракови и посебни мрежи до секој заинтересиран комерцијален потрошувач.

Утврдување на локација за пумпна станица за природен гас-плин.

## 2.12.ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Согласно Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово досега се има изработено техничка документација-Главни проекти, извршени ревизии на проектите, добиени одобренија за градба, а за дел од предвидените објекти од Програмата за кои сеуште се нема изработено техничка документација, истата ќе биде изработена во текот на годината.

07-1833/2
26.12.2014 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски